# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

**Службен весник на РМ, бр. 67 од 29.05.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за матичната евиденција („Службен весник на Република Македонија" бр.8/95, 38/2002, 66/2007 и 98/2008), членот 3-б се брише.

**Член 2**

По членот 30-а се додава нов член 30-б, кој гласи:

"Член 30-б

Содржината и начинот на водење на матичните книги во електронска форма од членот 3 на овој закон ги пропишува министерот за правда."

**Член 3**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција ("Службен весник на Република Македонија" број 98/2008), во членот 12 став 1 зборовите: "членовите 4 и" се заменуваат со зборот "членот".

**Член 4**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција ("Службен весник на Република Македонија" број 98/2008), во членот 14 зборовите: "по 120 дена од денот на неговото влегување во сила" се заменуваат со зборовите: "од 1 јануари 2010 година".

**Член 5**

Подзаконскиот пропис од членот 2 на овој закон ќе се донесе во рок од шест месеца по неговото влегување во сила.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".